**Почитуван и величен надвор од границите на сопствената држава. За големината на личноста и славата која покојниот претседател Трајковски ја уживаше во светски рамки, за жал, Македонија "дозна" дури по неговата смрт.**

Пишува: Жаклина **МИТЕВСКА**





УЧЕСНИЦИТЕ НА ФОРУМОТ ПОТЕНЦИРАА ДЕКА ТРАЈКОВСКИ БИЛ ВИСТИНСКИ ВОДАЧ И БОРЕЦ ЗА МИРОТ

# МАКЕДОНСКАТА СЛАВА ЈА ДОБИ ДУРИ ПО СМРТТА

Некои го сакаа, некои го оспоруваа и не го признаваа неговиот легитимитет. Го нарекуваа граѓанинот Трајковски, ги бојкотираа неговите говори, а оние кои го кандидираа за претседател јавно се откажаа од него. За разлика од светските лидери кои му оддаваа огромна чест, за жал, неговата големина македонските му ја признаа дури по смртта. Требаше ли Трајковски да плати со животот за Македонците да сфатат каков човек тоа бил?

Сепак, македонската иронија е во тоа што оние кои "фрлаа дрва и камења" по него, одеднаш ги променија своите ставови. Трајковски за нив стана исклучителен лидер, претседател кој би го посакала секоја држава. Неговите противници не покажаа ниту тронка почит кон институцијата претседател на држава. Неговите дела воскреснаа дури по неговото упокојување во вечниот дом. Денес, три години по неговата мистериозна смрт, светските лидери зборуваат за него како за вистински водач и борец за мирот.

По повод одбележувањето на тригодишнината од неговата смрт беа организирани бројни манифестации, на неговиот вечен дом, во родниот град Струмица, како и во Мостар - местото каде заедно со својот екипаж го напушти овој свет.

Во главниот град на државава беше одржан и Форум под наслов "Одговорно лидерство", на кој премиерот Никола Груевски потенцира дека политичките лидери имаат обврска кон граѓаните кои ги избрале да им обезбедат мир, толеранција и меѓусебно почитување.

## НЕМАМЕ ПРАВО ДА ГУБИМЕ

"Не смееме да ја испуштиме шансата која е пред нас. Немаме право да губиме време, ниту смееме да промовираме поделби, туку имаме обврска да ги довршиме нашиот демократски напредок и транзицијата, со што ќе обезбедиме влез во заедницата на развиените држави", изјави Никола Груевски.

Албанскиот претседател Алфред Мојсиу потенцира дека благодарение на Борис Трајковски, Зоран Ѓинѓиќ и на Ибрахим Ругова регионот успеал да излезе од минатото и да се отвори кон Европа.

"Повеќе од 50 години живеевме во еднопартиски систем. Долго време потоа имаше негативни последици, а се појавија и националистички лидери кои ги искористија социјалните ус-

## ЦРВЕНКОВСКИ НЕ ПРОГОВОРИ ЗА ПРИТИСОЦИТЕ ВРЗ МАКЕДОНЦИТЕ ВО АЛБАНИЈА

**Шефот на државата Бранко Црвенковски на средбата со својот колега, албанскиот претседател Алфред Мојсиу, не проговорил на темата за македонското малцинство во Албанија. Црвенковски не ги спомнал ниту притисоците кои врз македонската партија ги вршеле албанските власти во текот на кампањата за локалните избори.**

**Но, Мојсиу проговорил за албанските партии во Македонија и побарал соработка меѓу нив.**

### ПЕТАР СТОЈАНОВ НИ ПОРАЧУВА ДА ГО ЗАБОРАВИМЕ МИНАТОТО

**За поранешниот претседател на Република Бугарија, Петар Стојанов, денот на смртта на претседателот Борис Трајковски, не е најсоодветен ден да одговори на прашањето зошто Бугарија одбива да ја регистрира ОМО "Илинден" - Пирин.**

**"Не би зборувал за нешто што може да отвори нови спорови. Бугарија е членка на Европската унија, а Македонија, Албанија и Србија сакаат да станат нејзини членки. Треба да разбереме едно, во минатото може да сме биле непријатели, но сега треба да признаеме дека имаме заеднички проблеми и треба да мислиме како да ги решиме заеднички. За да одиме напред не треба да се вртиме назад и да се занимаваме со работи кои нè делат", изјави Петар Стојанов.**

лови за да креираат насилство. Но, регионот веќе е трансформиран. Сегашните лидери ги почитуваат разликите", изјави Мојсиу и потсети дека заедно со претседателот Трајковски и со Стипе Месиќ ја иницирале Јадранската повелба.

Поранешниот претседател на Бугарија, Петар Стојанов, потенцира дека својата големина Трајковски ја покажал со дела. Во 2001 година беше потпишан Рамковниот договор, а тогаш Трајковски на сите конфронтирани страни им пристапи со компромис и добра волја.

"Само оние кои знаат да служат се лидери, а вистински лидери се политичарите со јасна визија", истакна македонскиот министер за надворешни работи, Антонио Милошоски.

## ТАПКАЊЕ ВО МЕСТО

Секој 26 февруари семејствата на загинатите ја преживуваат трагедијата. Им недостасуваат нивните најблиски, но најмногу од сè ги боли тоа што не знаат како тие загинаа. Велат дека додека се живи ќе се борат да ја дознаат вистината. Но, како што минува времето така се множат и шпекулациите за оваа трагедија, кои на некој начин ја демантираат официјалната информација, според која трагичниот настан во Мостар се должи на грешка на пилотите.

И покрај тоа што Обвинителството не дозволи повторна истрага на местото на несреќата, Министерството за внатрешни работи не се откажува. Државна делегација го посети вечниот дом на Трајковски, а министерката Гордана Јанкуловска потенцира дека има одговори на кои сè уште се чека и е длабоко уверена оти ќе ги добијат и нема да биде залуден нивниот напор конечно да се расчисти оваа, како што истакна, условно речено мистерија.

